Влада на Република Северна Македонија

# З А П И С Н И К
од Педесет и четвртата седница на Владата на Република Северна Македонија,
одржана на 16 март 2021 година

Скопје, март 2021 година

**З А П И С Н И К**
**од Педесет и четвртата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 16 март 2021 година**

Седницата на Владата на Република Северна Македонија што се одржа преку видео конференциска врска со употреба на интернет комуникација започна во 12:30 часот.

Со седницата претседаваше Артан Груби, прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за координација на политички прашања на ресорите и министер за политички систем и односи меѓу заедниците.

На седницата учествуваа и Фатмир Битиќи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции, членовите на Владата д-р Бујар Османи, министер за надворешни работи, м-р Радмила Шекеринска-Јанковска, министер за одбрана, Оливер Спасовски, министер за внатрешни работи, м-р Бојан Маричиќ, министер за правда, м-р Крешник Бектеши, министер за економија, Арјанит Хоџа, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, доц. д-р Венко Филипче, министер за здравство, Мила Царовска, министер за образование и наука, д-р Јагода Шахпаска, министер за труд и социјална политика, Горан Милевски, министер за локална самоуправа, д-р Ирена Стефоска, министер за култура, Благој Бочварски, министер за транспорт и врски, Насер Нуредини, министер за животна средина и просторно планирање и д-р Јетон Шаќири, министер за информатичко општество и администрација, генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Мухамед Зеќири и заменикот на генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Тахир Хани.

На седницата учествуваа и Оливера Нечовска и Светлана Кузмановска, претставници од Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата, на седницата учествуваа и м-р Фатмире Исаки, заменик на министерот за надворешни работи, д-р Димитар Ковачевски, заменик на министерот за финансии, како и Калинка Габер, државен секретар во Секретаријатот за европски прашања.

На седницата учествуваа и Пеце Мирчески, директор на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија, Душко Арсовски и Муамет Хоџа, портпароли на Владата на Република Северна Македонија и Билјана Пецовска, нотар.

На седницата не учествуваа: претседателот на Владата на Република Северна Македонија, Зоран Заев, заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за борба против корупцијата и криминалот, одржлив развој и човечки ресурси, Љупчо Николовски, заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија задолжен за европски прашања, м-р Никола Димитров, и членот на Владата: д-р Фатмир Бесими, министер за финанси.

*

*   *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

## ДНЕВЕН РЕД

**- Усвојување на Записникот од 49-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 1 март 2021 година и**

**- Усвојување на Записникот од 52-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 11 март 2021 година**

## ПРЕД ПРЕМИНУВАЊЕ НА ДНЕВЕН РЕД

- Законодавна агенда утврдена согласно Програмата за работа на Владата за 2021 година за период 1.1.2021 - 30.6.2021 година

- Користење и имплементација на фондовите од Европската Унија

1. Записник од Дваесет и осмиот состанок на Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на Коронавирус КОВИД-19, одржан на 15 март 2021 година

2. Одлука за покренување на постапка за измена и дополнување на Статутот на АД за аеродромски услуги „Аеродроми на Република Северна Македонија“, во државна сопственост Скопје, со Предлог – одлука

3. Информација за просторните услови за работа и потребата од зајакнување на човечкиот капацитет во Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој

4. Акциски план за формирање на задолжителни резерви 2021-2022 година

5. Информација за 107 вработувања на неопределено време од група на даватели на јавни услуги во Јавното претпријатие за железничка инфраструктура Железници на Република Северна Македонија - Скопје

6. Информација за прашања поврзани на долгот на Железници на Република Северна Македонија Транспорт АД Скопје кон Хрватски Железници Карго и за потребите за неговото решавање

7. Предлог-одлуки за продажба на градежно неизградено земјиште со основна класа на намена Е2-комунална супраструктура (ГП 1.21), (ГП 1.22) и (ГП 1.23).

8. Информација за безбедноста на детските играчки пуштени во промет на територијата на Република Северна Македонија за трет и четврт квартал од 2020 година

9. Барање согласност на Одлуката за именување на директор на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија бр. 02-4377/1 од 19 ноември 2020 година, со Предлог – решение

10. Барањето за поддршка за организација на завршен турнир од ФИБА ЛШ

11. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за трговските друштва

12. Предлог на закон за изменување на Законот за сигурност во железничкиот систем, по скратена постапка

13. Предлог на закон за задолжување на Република Северна Македонија со заем кај Меѓународната банка за обнова и развој – Светска банка по Договорот за заем за дополнително финансирање на Проектот за поврзување на локални патишта, по скратена постапка

14. Информација за унапредување на процесот на фискална децентрализација

15. Информација по Барање за репрограмирање на долг бр.11-2317/1 од 23 февруари 2021 година и Дополнување - коригирање на Барање за репрограмирање на долг бр.11-2438/1 од 25 февруари 2021 година, поднесени од Општина Карпош

16. Информација за потребата од склучување на Амандман бр.3 на Договорот за заем по проектот „Водоснабдување и одведување на отпадни води" со Европската инвестициона банка, со текст на Амандман

17. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објекти со намена Б5-хотелски комплекс КО Врапчиште, Општина Врапчиште, со Предлог-одлука

18. Информација за гласање за Одлуката бр. на заедничкиот комитет утврден според Спогодбата за повремен превоз на патници со автобус (Интербус Спогодба)

19. Информација за измена на Заклучок на Владата за Информација за потпишување на Протоколот кон Спогодбата за повремен меѓународен превоз на патници со автобус (Интербус-спогодба)

20. Информација за текот на преземените активности за бесправно изградените објекти во Охридскиот Регион за изработка на акциски план за постапување по Инвентарот за бесправно изградени објекти и спроведување на соодветните студии за оценка на влијанието врз животната средина и културното наследство

21. Информација со Предлог-одлука за вршење на работите за располагање со градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија за Општина Чучер Сандево

22. Информација за повеќегодишна јавна набавка за финансирање на активности за реконструкција и проширување на мрежата за водоснабдување до селата Ѕвегор и Габрово во рамки на Проектот „Водоснабдување на Делчево"

23. Информација за повеќегодишна јавна набавка за финансирање на активности за изградба на фекален колектор, фекална канализација и атмосферска канализација за Урбан блок 21 во Гостивар

24. Информација во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објекти за сместување поднесено од хотел Александар Сквер, Скопје, со Предлог-решение за утврдување на категорија на угостителски објект

25. Информација во врска со поднесената Иницијатива за започнување на постапка за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина – варовник на локалитетот „Остра Чука" с.Дебреште, Општина Долнени, со Предлог – одлука

26. Предлог-одлука за утврдување на Листата на стоки и технологии со двојна употреба

27. Информација за продажба на недвижен и движен имот – три машини кој припаѓал на должникот Тутунски комбинат „Боро Петрушевски Папучар" АД од Куманово и е доделен на Република Северна Македонија

28. Информација за потребата од преземање на мерки и активности за спречување на понатамошен ископ на песок од коритото на Реката Вардар на потегот од село Уланци до село Криволак, во зоната од значење за одбраната

29. Информација за потпишување на Спогодба за финансирање помеѓу Европската комисија и Владите на Република Северна Македонија и Република Косово за Акциската програма за преку – гранична соработка помеѓу Република Северна Македонија и Република Косово за 2018-2020 година во рамки на ИПА II, за алокацијата за 2020 година – CRIS 2020/041-477, со усогласен текст на Спогодбата за финансирање

30. Предлог-одлука за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката (ЗНБП) 2020/1467 на Советот од 12 октомври 2020 година за изменување на Одлуката (ЗНБП) 2019/1720 за рестриктивни мерки во однос на состојбата во Никарагва

31. Предлог-одлука за давање на трајно користење на недвижни ствари на Министерството за внатрешни работи

32. Барање на Теодор Атанасов, за прием во државјанство на Република Северна Македонија, согласно член 11 од Законот за државјанството на Република Македонија

33. Барање на Елдар Ука, за прием во државјанство на Република Северна Македонија, согласно член 11 од Законот за државјанството на Република Македонија

34. Барање на Мазхар Омер Кипмен, за прием во државјанство на Република Северна Македонија, согласно член 11 од Законот за државјанството на Република Македонија

35. Барање на Аделина Китаноски, за прием во државјанство на Република Северна Македонија, согласно член 11 од Законот за државјанството на Република Македонија

36. Барање на Ајтен Конук, за прием во државјанство на Република Северна Македонија, согласно член 11 од Законот за државјанството на Република Македонија

37. Барање на Неџат Сулејмани и Наргисе Сулејмани за прием во државјанство на Република Северна Македонија, согласно член 11 од Законот за државјанството на Република Македонија

38. Барање на Аскиа Боокер за прием во државјанство на Република Северна Македонија, согласно член 11 од Законот за државјанството на Република Македонија

39. Барање на Васил Чичиашвили за прием во државјанство на Република Северна Македонија, согласно член 11 од Законот за државјанството на Република Македонија

40. Барање на Сајда Абдурахман за прием во државјанство на Република Северна Македонија, согласно член 11 од Законот за државјанството на Република Македонија

41. Барање на Мухамед Баље за прием во државјанство на Република Северна Македонија, согласно член 11 од Законот за државјанството на Република Македонија

42. Барање на Аптуллах Бибер за прием во државјанство на Република Северна Македонија, согласно член 11 од Законот за државјанството на Република Македонија

43. Барање на Фисник Арапи, Мирјете Арапи и Берра Арапи за прием во државјанство на Република Северна Македонија, согласно член 11 од Законот за државјанството на Република Македонија

44. Барање на Адиле Мучај за прием во државјанство на Република Северна Македонија, согласно член 11 од Законот за државјанството на Република Македонија

45. Барање на Ибрахим Бодур, за прием во државјанство на Република Северна Македонија, согласно член 11 од Законот за државјанството на Република Македонија

46. Барање на Алсен Зурапи, за прием во државјанство на Република Северна Македонија, согласно член 11 од Законот за државјанството на Република Македонија

47. Барање на Нурулах Беќироски, за прием во државјанство на Република Северна Македонија, согласно член 11 од Законот за државјанството на Република Македонија

48. Барање на Далида Мурати, за прием во државјанство на Република Северна Македонија, согласно член 11 од Законот за државјанството на Република Македонија

49. Барање на Сезаи Баџаксиз за прием во државјанство на Република Северна Македонија, согласно член 11 од Законот за државјанството на Република Македонија

50. Барање на Турхан Сердар Баџаксиз за прием во државјанство на Република Северна Македонија, согласно член 11 од Законот за државјанството на Република Македонија

51. Барање на Силвана Димеска за прием во државјанство на Република Северна Македонија, согласно член 11 од Законот за државјанството на Република Македонија

52. Барање на Керем Шанлан за прием во државјанство на Република Северна Македонија, согласно член 11 од Законот за државјанството на Република Македонија

53. Барање на Сафит Азари и Рафета Азари, за прием во државјанство на Република Северна Македонија, согласно член 11 од Законот за државјанството на Република Македонија

54. Барање на Мехмет Серхан Бацаксиз, за прием во државјанство на Република Северна Македонија, согласно член 11 од Законот за државјанството на Република Македонија

55. Барање на Алдијана Шаипи, за прием во државјанство на Република Северна Македонија, согласно член 11 од Законот за државјанството на Република Македонија

56. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на недвижни ствари на Министерството за труд и социјална политика

57. Предлог на закон за изменување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, по скратена постапка, поднесен од група пратеници

58. Барање за давање на автентично толкување на член 3 став (1) точка 12 и член 49 став (1) од Законот за контрола на опојни droги и психотропни супстанции („Службен весник на Република Македонија“ бр.103/08, 124/10, 164/13, 149/15, 37/16, 53/16 и 193/17), поднесено од Владата на Република Северна Македонија

59. Иницијатива поднесена од политичката партија „Левица“ од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.9/2021 за поведување на постапка за оценување на уставноста на Законот за решавање на спорот помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Макпетрол АД Скопје по пат на спогодба („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.317/2020 од 31.12.2020 година)

60. Иницијатива поднесена од Игорчо Точев од Кочани, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.11/2021 за поведување на постапка за оценување на уставноста на делот: „Работните цели и задачи“ од член 84 став 1 од Законот за судска служба („Службен весник на Република Македонија“ бр.43/14, 33/15, 98/15, 6/16, 198/18 и 248/18)

61. Понуда од нотар Наташа Велеска од Прилеп за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр. 4979 за КО Прилеп на КП бр. 6783

62. Понуда од нотар Анита Адамческа од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.66955 за КО Маџари на КП бр.1125/36 на место викано/улица Перо Наков ББ, со дополнување

63. Понуда од нотар Лазар Козаровски од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.192348 за КО Драчево 2 на КП 6472 и Имотен лист бр. 191525 за КО Драчево 2 на КП бр.6464

64. Понуда од нотар Јасмина Радончиќ од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.3179 за КО Радишани на КП бр.3729, викано место/улица Боринарец

65. Кадровски прашања

66. Прашања и предлози

67. Тримесечен извештај за работењето на Јавното претпријатие за железничка инфраструктура Железници на Република Северна Македонија - Скопје за период од 1 октомври 2020 година до 31 декември 2020 година

68. Тримесечен извештај за работа на АД во државна сопственост за вршење на дејноста давање услуги во воздухопловната навигација М-НАВ АД Скопје за период јули - септември 2020 година

69. Годишна програма за работа на Агенцијата за остварување на правата на заедниците за 2021 година, со Годишен финансиски план на расходи по квартали за 2021 година

70. Извештај за спроведени одлуки за утврдување на работите од премерот во функција за запишување на недвижности сопственост на Република Северна Македонија

71. Извештај за работата на Комисијата за управување со Светското природно и културно наследство на Охридскиот Регион (1.2.2018 година - 23.1.2021 година)

72. Информација за состојбите со странски работници на територија на Република Северна Македонија

73. Информација за откуп на материјалното авторско право за електронското издание на Толковниот речник на македонскиот јазик

74. Информација за влијанието на нелегално насипување на земја и шут на брегот на Охридското Езеро во населба Далјан и за потребата од итно враќање на крајбрежјето во првобитна состојба

75. Информација за доставено Барање број 05-2717/3 од 12.3.2021 година за регулирање на долг со воспоставување на нови кредитни услови на Јавното претпријатие за државни патишта - Скопје кон Експорт-импорт банка на Кина поради неможност за отплата на доспеаните обврски

76. Информација за потребата од склучување на договор помеѓу Министерството за култура и Агенцијата за филм на Република Северна Македонија

77. Изменување и дополнување на Националната програма за одбележување на „2021 – Година во чест на Блаже Конески", со која ќе се одбележат 100 години од раѓањето на Конески

78. Предлог-одлука за одобрување на средства од Буџетот на Република Северна Македонија за 2021 година (Дом на културата во село Желино, Општина Желино)

79. Информацијa за потребата од спроведување на анализа за испразнување на работни места во органите на државната управа

80. Информација за Проектот за дигитализација на конзуларните услуги во Дипломатско - конзуларните претставништва на Република Северна Македонија во странство

*

*  *

Владата без забелешки ги усвои Записникот од 49-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 1 март 2021 година и Записникот од 52-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 11 март 2021 година.

*

*  *

ПРЕД ПРЕМИНУВАЊЕ НА ДНЕВЕН РЕД

- **Законодавна агенда утврдена согласно Програмата за работа на Владата за 2021 година за период 1 јануари 2021 година – 30 јуни 2021 година**

Владата се информираше со ажурираната Законодавна агенда на Владата на Република Северна Македонија, за период 1.1.2021-30.6.2021 година, утврдена согласно Програмата за работа на Владата на Република Северна Македонија за 2021 година.

- **Користење и имплементација на фондовите од Европската Унија**

По повод укажувањето на Калинка Габер, државен секретар во Секретаријатот за европски прашања, Владата заклучи Министерството за финансии, Секретаријатот за европски прашања (НИПАК), Министерството за правда, Министерството за труд и социјална политика, Министерството за образование и наука, Министерството за транспорт и врски, Министерството за животна средина и просторно планирање, Министерство за локална самоуправа, Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој (ИПАРД Агенција) и Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, итно да постапат по задолженијата од заклучоците од Точка 17, Информација за административниот капацитет на ИПА структурата во институциите акредитирани за индиректно управување со средства од ИПА, од 45-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 16 февруари 2021 година и по Заклучокот од Точка 11, Прашања и предлози, од 53-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 12 март 2021 година.

*

*          *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

**Точка 1**

Владата го разгледа Записникот од Дваесет и осмиот состанок на Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на Коронавирус КОВИД-19, одржан на 15 март 2021 година, со Предлог на протокол за постапување на средните училишта при реализација на испитите од државната матура и врз основа на предлозите изнесени во расправата на седницата на Владата, ги донесе следните заклучоци:

1. Го усвои Записникот од Дваесет и осмиот состанок на Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на коронавирус КОВИД-19, одржан на 15 март 2021 година.

2. На сите граѓани на Република Северна Македонија што се враќаат од странство и влегуваат на територија на Република Северна Македонија на еден од граничните премини, како и на странските државјани со регулиран престој во Република Северна Македонија, во временски период додека важи забраната и посебниот режим на движење на територијата на Република Северна Македонија, им се одобрува движење од граничниот премин кон своето престојувалиште или живеалиште во Република Северна Македонија.

3. Го прифати предлогот на Комисијата за заразни болести, односно го прифати Протоколот за постапување на средните училишта при реализација на испитите од државната матура, кој да се објави во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Согласно ова, Владата донесе Одлука за изменување на Одлуката за превентивни препораки, времени мерки, наредени мерки, наменски протоколи, планови и алгоритми за постапување за заштита на здравјето на населението од заразната болест КОВИД-19 предизвикана од вирусот SARS-CoV-2, случаите и временскиот период на нивна примена.

**Точка 2**

Владата ја одложи од разгледување Одлуката за покренување на постапка за измена и дополнување на Статутот на АД за аеродромски услуги „Аеродроми на Република Северна Македонија“, во државна сопственост Скопје, со Предлог – одлука за наредната седница на Владата поради потребата текстот на материјалот да се усогласи со Министерството за економија.

Материјалот претходно да се разгледа на седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика.

## Точка 3

Владата го одложи разгледувањето на Информацијата за просторните услови за работа и потребата од зајакнување на човечкиот капацитет во Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој, за наредната седница на Владата, откако претходно ќе се разгледа на седницата на Комисијата за економски систем и тековна економска политика, поради потребата предлагачот да се усогласи со Министерството за финансии и Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија.

## Точка 4

Владата го разгледа Акцискиот план за формирање на задолжителни резерви 2021-2022 и заклучи зголемувањето на надоместокот за задолжителни резерви да се одложи (останува ист) до 31 декември 2021 година, согласно што Македонската агенција за задолжителни нафтени резерви – МАКОРА да подготви и до Владата да достави нов акциски план за формирање на задолжителни резерви 2021-2022 со стари цени.

## Точка 5

Владата ја разгледа Информацијата за 107 вработувања на неопределено време од група на даватели на јавни услуги во Јавното претпријатие за железничка инфраструктура Железници на Република Северна Македонија - Скопје и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Да се реализираат 107 нови вработувања на неопределено време - даватели на јавни услуги, дополнителни од оние (46) кои се предвидени во Годишниот план за вработување за 2021 година и одобрени од Министерство за финансии и Министерство за информатичко општество и администрација.

2. Се препорачува на Јавното претпријатие за железничка инфраструктура Железници на Република Северна Македонија - Скопје да објави Јавен оглас за вработувања како дополнителни 107 нови вработувања од оние (46) кои се предвидени во Годишниот план за вработување за 2021 година и да го спроведе согласно Законот за работните односи.

3. Се задолжува Министерството за финансии да даде општа согласност / одобрение за вработување на 107 нови вработувања на неопределено време - даватели на јавни услуги согласно Законот за буџетите и Законот за извршување на Буџетот на Република Северна Македонија за 2021 година, дополнителни од оние (46) кои се предвидени во Годишниот план за вработување за 2021 година.

4. Се задолжува Министерството за информатичко општество и администрација да даде согласност/одобрение за вработување на 107 нови вработувања на неопределено време - даватели на јавни услуги, дополнителни од оние (46) кои се предвидени во Годишниот план за вработување за 2021 година.

## Точка 6

Владата ја одложи од разгледување Информацијата за прашања поврзани на долгот на Железници на Република Северна Македонија Транспорт АД Скопје кон Хрватски Железници Карго и за потребите за неговото решавање за наредната седница на Владата поради потребата Министерството за транспорт и врски, Министерството за финансии, Министерството за правда, Државното правобранителство на Република Северна Македонија, Железници на Република Северна Македонија Транспорт АД Скопје и Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, меѓусебно да се искоординираат по материјалот и да заземат заеднички став за решавање на проблемот.

Материјалот претходно да се разгледа на седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика.

## Точка 7

Владата ги разгледа Одлуката за продажба на градежно неизградено земјиште со основна класа на намена Е2-комунална супраструктура (ГП 1.21), Одлуката за продажба на градежно неизградено земјиште со основна класа на намена Е2-комунална супраструктура (ГП 1.22) и Одлуката за продажба на градежно неизградено земјиште со основна класа на намена Е2-комунална супраструктура (ГП 1.23) и условно ги донесе одлуките, со заклучок предлагачот да го усогласи текстот на истите со Секретаријатот за законодавство, Министерството за транспорт и врски, Министерството за одбрана и Министерството за финансии.

Истовремено, предлагачот да го има предвид укажувањето во Мислењето од Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија.

## Точка 8

Владата ја разгледа Информацијата за безбедноста на детските играчки пуштени во промет на територијата на Република Северна Македонија за трет и четврт квартал од 2020 година, ја усвои Информацијата и го задолжи Министерството за здравство–Државен санитарен и здравствен инспекторат да продолжи квартално да ги доставува до Владата информациите за безбедноста на детските играчки пуштени во промет на територијата на Република Северна Македонија.“

## Точка 9

Владата го разгледа Барањето согласност на Одлуката за именување на директор на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија број 02-4377/1 од 19 ноември 2020 година, со Предлог – решение, го прифати Барањето и го донесе новиот текст на Решението за давање согласност на Одлуката за именување директор на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија, во предложениот текст.

**Точка 10**

Владата го одложи за наредната седница разгледувањето на Барањето за поддршка за организација на завршен турнир од ФИБА ЛШ.

**Точка 11**

Владата на предлог на предлагачот го одложи од разгледување Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за трговските друштва за наредната седница на Владата.

Материјалот претходно да се разгледа на седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика.

**Точка 12**

Владата го разгледа најновиот текст на Предлогот на закон за изменување на Законот за сигурност во железничкиот систем, по скратена постапка го утврди и заклучи согласно член 170 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени Благој Бочварски, министер за транспорт и врски и Беким Реџепи, заменик на министерот за транспорт и врски, а за повереници м-р Митко Трајчулески, државен секретар во Министерството за транспорт и врски и Билјана Здравева, државен советник во Министерството за транспорт и врски.

**Точка 13**

Владата го разгледа Предлогот на закон за задолжување на Република Северна Македонија со заем кај Меѓународната банка за обнова и развој – Светска банка по Договорот за заем за дополнително финансирање на Проектот за поврзување на локални патишта, по скратена постапка, го утврди и заклучи да се достави до Собранието, согласно член 170 од Деловникот на Собранието на Република Македонија.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени д-р Фатмир Бесими, министер за финансии и д-р Димитар Ковачевски, заменик на министерот за финансии, а за повереници д-р Јелена Таст, државен секретар во Министерството за финансии, Сузана Пенева државен советник во Министерството за финансии и Дејан Николовски, раководител на сектор во Министерството за финансии.

## Точка 14

Владата ја разгледа Информацијата за унапредување на процесот на фискална децентрализација и ја усвои Информацијата со следниве најнови заклучоци:

1. Се задолжува Работната група за продолжување на процесот за децентрализација во рок од три недели до Владата да достави ажурирани предлози за проширување на процесот на децентрализација.

2. Се задолжува Министерството за финансии во периодот март - април 2021 година да одржи јавна расправа по утврдените приоритети за унапредување на фискалната децентрализација со Работната група за продолжување на процесот за децентрализација, единиците на локалната самоуправа и други заинтересирани страни.

3. Се задолжува Министерството за финансии до почетокот на мај 2021 година до Владата да достави предлог законски решенија согласно утврдените приоритети од содржината на оваа информација.

4. Одлуката за формирање на Работна група за продолжување на процесот на децентрализација, да се дополни со Фатмир Битиќи, заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции, како член.

За ова, се задолжува Министерството за локална самоуправа до Владата да достави Предлог-одлука за дополнување на Одлуката за формирање на Работна група за продолжување на процесот на децентрализација, која да се смета за донесена на оваа седница на Владата.

## Точка 15

Владата ја разгледа Информацијата по Барање за репрограмирање на долг бр.11-2317/1 од 23 февруари 2021 година и Дополнување-корегирање на Барање за репрограмирање на долг бр.11-2438/1 од 25 февруари 2021 година, поднесени од Општина Карпош и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за финансии да склучи договор за регулирање на долг со должникот Општина Карпош, со кој обврската за измирување на доспеаниот долг во вкупен износ од 10.142.740,00 денари, зголемен за камата во висина на референтната каматна стапка на Народна банка на Република Северна Македонија, ќе ја плати на четири еднакви месечни рати, почнувајќи од 31 март 2021 година.

2. Доколку должникот не се придржува на динамиката во отплата на ратите согласно Амортизациониот план, Министерството за финансии ќе пресмета и наплати казнена камата за сите доцнења во уплатите на ратите, согласно одредбите од Законот за облигационите односи.

## Точка 16

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од склучување на Амандман бр.3 на Договорот за заем по проектот „Водоснабдување и одведување на отпадни води" со Европската инвестициона банка, со текст на Амандман, ја усвои Информацијата и го прифати текстот на Амандманот бр.3 на Договорот за заем по проектот „Водоснабдување и одведување на отпадни води" со Европската инвестициона банка.

## Точка 17

Владата ја разгледа Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објекти со намена Б5-хотелски комплекс КО Врапчиште, Општина Врапчиште, со Предлог-одлука (нов текст), ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објекти со намена Б5-хотелски комплекс КО Врапчиште, Општина Врапчиште, во предложениот текст.

## Точка 18

Владата ја разгледа Информацијата за гласање за Одлуката бр. на заедничкиот комитет утврден според Спогодбата за повремен превоз на патници со автобус (Интербус Спогодба), ја усвои Информацијата и ја определи Агнеза Руси Поповска, амбасадор на Република Северна Македонија во Постојаната мисија при Европската Унија во Брисел, Кралството Белгија, во име на Владата позитивно да гласа по однос на Одлуката бр. на заедничкиот комитет утврден според Спогодбата за повремен превоз на патници со автобус (Интербус Спогодба).

## Точка 19

Владата ја разгледа Информацијата за измена на Заклучок на Владата за Информација за потпишување на Протоколот кон Спогодбата за повремен меѓународен превоз на патници со автобус (Интербус-спогодба) ја усвои и заклучи заклучокот број 2 од точка 68 од 129-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 9 април 2019 година да се измени и да гласи:

„2. Се определува амбасадорот Агнеза Руси Поповска во име на Владата да го потпише Протоколот кон Спогодбата за повремен меѓународен превоз на патници со автобус (Интербус-спогодба).".

Исто така, предлагачот да достави план за реализација во системот за следење на програми (ППМС), согласно Мислењето на Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија.

## Точка 20

Владата го разгледа и усвои новиот текст на Информацијата за текот на преземените активности за бесправно изградените објекти во Охридскиот Регион за изработка на акциски план за постапување по Инвентарот за бесправно изградени објекти и спроведување на соодветните студии за оценка на влијанието врз животната средина и културното наследство.

## Точка 21

Владата ја разгледа Информацијата со Предлог-одлука за вршење на работите за располагање со градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија за Општина Чучер Сандево, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за вршење на работите за располагање со градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија за Општина Чучер Сандево, во предложениот текст.

## Точка 22

Владата ја разгледа Информацијата за повеќегодишна јавна набавка за финансирање на активности за реконструкција и проширување на мрежата за водоснабдување до селата Ѕвегор и Габрово во рамки на Проектот „Водоснабдување на Делчево" и ја усвои со следните заклучоци:

1. Врз основа на даденото позитивно мислење на Министерството за финансии даде согласност на Министерството за животна средина и просторно планирање да започне постапка за повеќегодишна јавна набавка за финансирање на активности за реконструкција и проширување на мрежата за водоснабдување до селата Ѕвегор и Габрово во рамки на Проектот „Водоснабдување на Делчево" со следна динамика на реализација:

- 2021 година 32.120.000,00 денари
- 2022 година 43.434.330,00 денари.

2. Се задолжува Министерството за животна средина и просторно планирање потребните средства да ги предвиди во буџетскиот циркулар за соодветните фискални години, а Министерството за финансии да ги има предвид при утврдување на Буџетот на Република Северна Македонија за соодветните фискални години.

## Точка 23

Владата ја разгледа Информацијата за повеќегодишна јавна набавка за финансирање на активности за изградба на фекален колектор, фекална канализација и атмосферска канализација за Урбан блок 21 во Гостивар и ја усвои со следните заклучоци:

1. Врз основа на позитивното мислење од Министерството за финансии даде согласност на Министерството за животна средина и просторно планирање да започне постапка за повеќегодишна јавна набавка за финансирање на активности

за изградба на фекален колектор, фекална канализација и атмосферска канализација за Урбан блок 21 во Гостивар, Општина Гостивар со следна динамика на реализација:

- 2021 година 42.637.000,00 денари
- 2022 година 77.335.260,00 денари и
- 2023 година 31.215.200,00 денари.

2. Се задолжува Министерството за животна средина и просторно планирање да ги предвиди потребните финансиски средства во буџетскиот циркулар за соодветните фискални години, а Министерството за финансии да ги има предвид истите при утврдување на Буџетот на Република Северна Македонија за соодветните фискални години.

**Точка 24**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објекти за сместување поднесено од хотел Александар Сквер, Скопје, со Предлог-решение за утврдување на категорија на угостителски објект, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за утврдување на категорија на угостителски објект (хотел Александар Сквер, со седиште на ул. Никола Вапцаров бр. 13А Скопје, за хотел од втора категорија со четири ѕвезди), во предложениот текст.

**Точка 25**

Владата го одложи разгледувањето на Информацијата во врска со поднесената Иницијатива за започнување на постапка за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина – варовник на локалитетот „Остра Чука“ с.Дебреште, Општина Долнени, со Предлог – одлука, за наредната седница на Владата откако претходно ќе се разгледа на седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика, поради потребата Министерството за култура-Управа за заштита на културно наследство, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и Министерството за транспорт и врски да достават нови мислења по истата.

**Точка 26**

Владата ја донесе Одлуката за утврдување на Листата на стоки и технологии со двојна употреба ( * ), во предложениот текст.

Истовремено, предлагачот да достави план за реализација во системот за следење на програми (ППМС), согласно Мислењето на Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија.

## Точка 27

Владата ја разгледа Информацијата за продажба на недвижен и движен имот – три машини кој припаѓал на должникот Тутунски комбинат „Боро Петрушевски Папучар“ АД од Куманово и е доделен на Република Северна Македонија и ја усвои со следниот заклучок:

- Се задолжува Министерството за финансии – Управа за јавни приходи да подготви и на наредната седница на Владата да достави информација за продажба на недвижен и движен имот – три машини кој припаѓал на должникот Тутунски комбинат „Боро Петрушевски Папучар АД“ од Куманово.

## Точка 28

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за потребата од преземање на мерки и активности за спречување на понатамошен ископ на песок од коритото на Реката Вардар на потегот од село Уланци до село Криволак, во зоната од значење за одбраната и ја усвои Информацијата со следниве заклучоци:

1. Се задолжуваат Министерството за животна средина и просторно планирање и Државниот инспекторат за животна средина и се укажува на Акционерското друштво Водостопанство на Република Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје во рок од 30 дена до Владата да достават информација за преземени мерки и активности за спречување на понатамошен ископ на песок од коритото на реката Вардар на потегот од село Уланци до село Криволак.

2. Се укажува на Акционерското друштво Водостопанство на Република Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје во рок од пет дена до Министерството за одбрана да достави одговор по Записникот од Министерството за одбрана

Исто така, предлагачот да ги има предвид укажувањата од Мислењето на Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и Мислењето на Акционерското друштво Водостопанство на Република Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје.

## Точка 29

Владата ја разгледа Информацијата за потпишување на Спогодба за финансирање помеѓу Европската комисија и Владите на Република Северна Македонија и Република Косово за Акциската програма за преку – гранична соработка помеѓу Република Северна Македонија и Република Косово за 2018-2020 година во рамки на ИПА II, за алокацијата за 2020 година – CRIS 2020/041-477, со усогласен текст на Спогодбата за финансирање и ја усвои со следните заклучоци:

1. Го прифати усогласениот текст на Спогодбата за финансирање помеѓу Европската комисија и Владите на Република Северна Македонија и Република Косово за Акциската програма за преку – гранична соработка помеѓу Република

Северна Македонија и Република Косово за 2018 – 2020 година во рамки на ИПА II, за алокацијата за 2020 година - CRIS 2020/041-477.

2. Се определува м-р Никола Димитров, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија задолжен за европски прашања и Национален ИПА координатор, во име на Владата на Република Северна Македонија да ја потпише Спогодбата за финансирање помеѓу Европската комисија и Владите на Република Северна Македонија и Република Косово за Акциската програма за преку – гранична соработка помеѓу Република Северна Македонија и Република Косово за 2018 – 2020 година во рамки на ИПА II, за алокацијата за 2020 година - CRIS 2020/041-477.

3. Се задолжува Министерството за локална самоуправа да го планира и предвиди износот на буџетски средства потребни за национално кофинансирање на Акциската програма за преку – гранична соработка помеѓу Република Северна Македонија и Република Косово за 2018 – 2020 година во рамки на ИПА II, за алокацијата за 2020 година - CRIS 2020/041-477, во рамки на максимално одобрените износи на расходи со Буџетот на Република Северна Македонија за соодветните години и во согласност со динамиката на спроведување на проектите финансирани во рамки на оваа програма.

4. Се задолжува Министерството за локална самоуправа во рок од 10 дена, во координација со Секретаријатот за европски прашања да спроведе консултации со Царинската управа, Министерството за внатрешни работи, Агенција за храна и ветеринарство, Државниот санитарен и здравствен инспекторат и Јавното претпријатие за државни патишта, со цел дефинирање на став во поглед на потребата и приоритетноста на вклучување на стратешки проект поврзан со Граничниот премин помеѓу Република Северна Македонија и Република Косово кај Блаце, во рамки на Програмата за преку – гранична соработка помеѓу Република Северна Македонија и Република Косово (ИПА 2 или ИПА 3, зависно од расположливоста на финансиски средства и зрелоста на Проектот). За резултатите од овие консултации Министерството за локална самоуправа соодветно да информира до структурите на Програмата од Косовска страна.

## Точка 30

Владата ја донесе Одлуката за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката (ЗНБП) 2020/1467 на Советот од 12 октомври 2020 година за изменување на Одлуката (ЗНБП) 2019/1720 за рестриктивни мерки во однос на состојбата во Никарагва, во предложениот текст.

## Точка 31

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за давање на трајно користење на недвижни ствари на Министерството за внатрешни работи, во предложениот текст.

## Точка 32

Владата го разгледа Барањето на Теодор Атанасов, за прием во државјанство на Република Северна Македонија, согласно член 11 од Законот за државјанството на Република Македонија и утврди негативно мислење по Барањето, имајќи го предвид Мислењето на Агенцијата за млади и спорт.

## Точка 33

Владата го разгледа Барањето на Елдар Ука, за прием во државјанство на Република Северна Македонија, согласно член 11 од Законот за државјанството на Република Македонија и утврди негативно мислење по Барањето, имајќи го предвид Мислењето на Министерството за надворешни работи.

## Точка 34

Владата го разгледа Барањето на Мазхар Омер Кипмен, за прием во државјанство на Република Северна Македонија, согласно член 11 од Законот за државјанството на Република Македонија и утврди негативно мислење по Барањето, имајќи го предвид Мислењето на Министерството за надворешни работи.

## Точка 35

Владата го разгледа Барањето на Аделина Китаноски, за прием во државјанство на Република Северна Македонија, согласно член 11 од Законот за државјанството на Република Македонија и утврди негативно мислење по Барањето, имајќи го предвид Мислењето на Министерството за надворешни работи.

## Точка 36

Владата го разгледа Барањето на Ајтен Конук, за прием во државјанство на Република Северна Македонија, согласно член 11 од Законот за државјанството на Република Македонија и утврди негативно мислење по Барањето, имајќи го предвид Мислењето на Министерството за надворешни работи.

## Точка 37

Владата го разгледа Барањето на Неџат Сулејмани и Наргисе Сулејмани за прием во државјанство на Република Северна Македонија, согласно член 11 од Законот за државјанството на Република Македонија и утврди негативно мислење по Барањето, имајќи го предвид Мислењето на Министерството за надворешни работи.

## Точка 38

Владата го разгледа Барањето на Аскиа Боокер за прием во државјанство на Република Северна Македонија, согласно член 11 од Законот за државјанството на Република Македонија и утврди позитивно мислење по Барањето, имајќи го предвид Мислењето на Агенцијата за млади и спорт.

**Точка 39**

Владата го разгледа Барањето на Васил Чичиашвили за прием во државјанство на Република Северна Македонија, согласно член 11 од Законот за државјанството на Република Македонија и утврди позитивно мислење по Барањето, имајќи го предвид Мислењето на Министерството за култура.

**Точка 40**

Владата го разгледа Барањето на Сајда Абдурахман за прием во државјанство на Република Северна Македонија, согласно член 11 од Законот за државјанството на Република Македонија и утврди негативно мислење по Барањето, имајќи го предвид Мислењето на Министерството за надворешни работи.

**Точка 41**

Владата го разгледа Барањето на Мухамед Баље за прием во државјанство на Република Северна Македонија, согласно член 11 од Законот за државјанството на Република Македонија и утврди негативно мислење по Барањето, имајќи го предвид Мислењето на Министерството за надворешни работи.

**Точка 42**

Владата го разгледа Барањето на Аптуллах Бибер за прием во државјанство на Република Северна Македонија, согласно член 11 од Законот за државјанството на Република Македонија и утврди негативно мислење по Барањето, имајќи го предвид Мислењето на Министерството за надворешни работи.

**Точка 43**

Владата го разгледа Барањето на Фисник Арапи, Мирјете Арапи и Берра Арапи за прием во државјанство на Република Северна Македонија, согласно член 11 од Законот за државјанството на Република Македонија и утврди негативно мислење по Барањето, имајќи го предвид Мислењето на Министерството за надворешни работи.

**Точка 44**

Владата го разгледа Барањето на Адиле Мучај за прием во државјанство на Република Северна Македонија, согласно член 11 од Законот за државјанството на Република Македонија и утврди негативно мислење по Барањето, имајќи го предвид Мислењето на Министерството за надворешни работи.

**Точка 45**

Владата го разгледа Барањето на Ибрахим Бодур, за прием во државјанство на Република Северна Македонија, согласно член 11 од Законот за државјанството на Република Македонија и врз основа на Мислењето на Министерството за надворешни работи утврди негативно мислење по Барањето.

**Точка 46**

Владата го разгледа Барањето на Алсен Зурапи, за прием во државјанство на Република Северна Македонија, согласно член 11 од Законот за државјанството на Република Македонија и врз основа на Мислењето на Министерството за надворешни работи утврди негативно мислење по Барањето.

**Точка 47**

Владата го разгледа Барањето на Нурулах Беќироски, за прием во државјанство на Република Северна Македонија, согласно член 11 од Законот за државјанството на Република Македонија и врз основа на Мислењето на Министерството за надворешни работи утврди негативно мислење по Барањето.

**Точка 48**

Владата го разгледа Барањето на Далида Мурати, за прием во државјанство на Република Северна Македонија, согласно член 11 од Законот за државјанството на Република Македонија и врз основа на Мислењето на Министерството за надворешни работи утврди негативно мислење по Барањето.

**Точка 49**

Владата го разгледа Барањето на Сезаи Баџаксиз за прием во државјанство на Република Северна Македонија, согласно член 11 од Законот за државјанството на Република Македонија и утврди негативно мислење по Барањето, имајќи ги предвид мислењата на Министерството за финансии и Министерството за економија.

**Точка 50**

Владата го разгледа Барањето на Турхан Сердар Баџаксиз за прием во државјанство на Република Северна Македонија, согласно член 11 од Законот за државјанството на Република Македонија и утврди негативно мислење по Барањето, имајќи ги предвид мислењата на Министерството за финансии и Министерството за економија.

**Точка 51**

Владата го разгледа Барањето на Силвана Димеска за прием во државјанство на Република Северна Македонија, согласно член 11 од Законот за државјанството на Република Македонија и утврди негативно мислење по Барањето, имајќи го предвид Мислењето на Министерството за надворешни работи.

**Точка 52**

Владата го разгледа Барањето на Керем Шанлан за прием во државјанство на Република Северна Македонија, согласно член 11 од Законот за државјанството на

Република Македонија и утврди позитивно мислење по Барањето, имајќи ги предвид мислењата на Министерството за финансии и Министерството за економија.

**Точка 53**

Владата го разгледа Барањето на Сафит Азари и Рафета Азари, за прием во државјанство на Република Северна Македонија, согласно член 11 од Законот за државјанството на Република Македонија и врз основа на Мислењето на Министерството за надворешни работи утврди негативно мислење по Барањето.

**Точка 54**

Владата го разгледа Барањето на Мехмет Серхан Баџаксиз, за прием во државјанство на Република Северна Македонија, согласно член 11 од Законот за државјанството на Република Македонија и врз основа на мислењата на Министерството за финансии и Министерството за економија утврди негативно мислење по Барањето.

**Точка 55**

Владата го разгледа Барањето на Алдијана Шаипи, за прием во државјанство на Република Северна Македонија, согласно член 11 од Законот за државјанството на Република Македонија и врз основа на Мислењето на Министерството за надворешни работи утврди негативно мислење по Барањето.

**Точка 56**

Владата на предлог на предлагачот ја одложи од разгледување Предлог-одлуката за престанок и за давање на трајно користење на недвижни ствари на Министерството за труд и социјална политика за наредната седница на Владата.

Материјалот претходно да се разгледа на седница на Комисијата за човечки ресурси и одржлив развој.

**Точка 57**

Владата го одложи за наредната седница разгледувањето на Предлогот на закон за изменување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, по скратена постапка, поднесен од група пратеници.

**Точка 58**

Владата го одложи од разгледување Барањето за давање на автентично толкување на член 3 став (1) точка 12 и член 49 став (1) од Законот за контрола на опојни droги и психотропни супстанции („Службен весник на Република Македонија“ бр.103/08,

124/10, 164/13, 149/15, 37/16, 53/16 и 193/17), поднесено од Владата на Република Северна Македонија, за наредната седница на Владата.

## Точка 59

Владата ја разгледа Иницијативата доставена од политичката партија „Левица“ од Скопје, до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.9/2021 за поведување на постапка за оценување на уставноста на Законот за решавање на спорот помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Макпетрол АД Скопје по пат на спогодба („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.317/20) и притоа го утврди следново мислење:

Со поднесената Иницијатива, подносителот предлага поведување постапка за оценување на уставноста на Законот за решавање на спорот помеѓу ВладаТА на Република Северна Македонија и Макпетрол АД Скопје по пат на спогодба („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 317/20), бидејќи се повредени одредбите од членовите 8, 33, 51, 55, 68 и Амандман XXV од Уставот на Република Северна Македонија.

Со Законот се уредува начинот на решавање на спор помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Макпетрол АД Скопје по пат на спогодба настанати во врска со изградбата на гасоводниот систем, заштита на имотот и имотните права и интереси на Република Северна Македонија и нејзин понатамошен развој, овластување на Владата да склучи спогодба со Макпетрол со кого е постигната согласност пред Центарот за решавање на спорови и преговори при Секретаријатот на Енергетската заедница во Виена на 5 октомври 2019 година и составен дел на Законот е текстот на Спогодбата.

Во Спогодбата децидно е наведено дека истата претставува вонсудска спогодба со која се утврдува пропорцијата на вложувањата во АД ГА-МА Скопје во соодност од 50%-50% и се потврдува структурата утврдена во Акционерската книга на ГА-МА со ИСИН MKGAMA 101016 во Централниот депозитар за хартии од вредност. Договорните страни се одрекуваат од тужбите и тужбените барања кои се во тек, се одрекуваат од било какви меѓусебни тужби во иднина, а во врска со ГА-МА АД Скопје.

Исто така, постигната е согласност да се потпише договор за купопродажба на влогот на Макпетрол во ГА-МА по потпишувањето на Спогодбата, како и да се извести Секретаријатот на Енергетската заедница за потпишувањето на спогодбата и договорот за купопродажба, кој бил во улога на медијатор.

Во член 110 од Законот за енергетика („Службен весник на Република Македонија“ бр.96/2018), пропишано е дека сопственик на операторот на пренос со природен гас е Министерство за економија и истиот во целост е усогласен со третиот пакет на Европската Унија директивите кои се однесуваат на внатрешниот пазар на енергија. Република Северна Македонија е и потписник на Енергетската заедница од нејзиното основање во 2006 година.

Согласно член 68 од Уставот на Република Северна Македонија Собранието донесува закони.

Врз основа на наведените правни акти неспорно е дека Владата на Република Северна Македонија и Макпетрол АД Скопје се акционери во деловниот субјект ГА-МА АД Скопје, што претставува сериозен проблем, бидејќи со Законот за енергетика е предвидено да се изврши сопственичко раздвојување на Операторот на системот за пренос на природен гас. Тоа значи дека ист субјект ќе нема право во исто време да ја врши дејноста Оператор на системот за пренос на природен гас и дејностите на трговија и/или снабдување со природен гас.

Во Република Северна Македонија, со системот за пренос на природен гас, управува ГА-МА АД Скопје, а сопственици на истата се Владата на Република Северна Македонија и Макпетрол АД Скопје. Макпетрол АД Скопје поседува и фирма за снабдување со природен гас, што е во спротивност со одредбите од Законот за енергетика кои се однесуваат на сопственичкото раздвојување.

За Република Северна Македонија, од особено значење е да се задржи сопственоста врз преносниот систем со природен гас и токму поради тоа во член 110 од Законот за енергетика е пропишано дека сопственик на операторот на пренос со природен гас е Министерство за економија, а истовремено преку државната компанија МЕР АД Скопје во тек е изградба на магистралниот гасовод низ целата држава и во иднина по изградба на целосната мрежа, за непречено функционирање, потребно е овој гасовод што го гради МЕР АД Скопје, да се спои со системот на природен гас со кој сега управува ГА-МА АД Скопје.

Со цел, Република Северна Македонија, успешно да го заврши процесот на сертификација на операторот на преносниот систем на природен гас и да се изврши спојување на двете компании МЕР АД Скопје и ГА-МА АД Скопје и акциите да се префрлат од Владата на Република Северна Македонија на Министерство за економија, согласно Законот за енергетика, потребно е во најбрз можен рок да се реши спорот со Макпетрол АД Скопје.

Со овој закон се решава спорот помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Макпетрол АД Скопје, во целост се завршуваат сите започнати постапки и се отстранува можноста од поведување и водење на нови постапки помеѓу страните на спорот.

Имајќи го предвид претходно наведеното, Владата на Република Северна Македонија смета дека оспорениот Закон за решавање на спорот помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Макпетрол АД Скопје по пат на спогодба („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 317/2020), е во согласност со членовите 8, 33, 51, 55, 68 и Амандман XXV од Уставот на Република Северна Македонија, поради што му предлага на Уставниот суд на Република Северна Македонија да не ја прифати Иницијативата за поведување на постапка за оценување на уставноста на наведениот Закон.

## Точка 60

Владата ја разгледа Иницијативата поднесена од Игорчо Точев од Кочани, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.11/2021 за поведување на постапка за оценување на уставноста на делот: „Работните цели и задачи“ од член 84 став 1 од Законот за судска служба („Службен весник на Република Македонија“ бр.43/14, 33/15, 98/15, 6/16, 198/18 и 248/18) и притоа го утврди следново мислење:

Подносителот на Иницијативата за оценување на уставноста, ја оспорува уставноста на делот: „Работните цели и задачи" од членот 84 став (1) од Законот за судска служба („Службен весник на Република Македонија“ бр. 43/14, 33/15, 98/15, 6/16, 198/18 и 248/18) од причина што смета дека истиот не е во согласност со членот 8 став 1 алинеја 3 од Уставот на Република Северна Македонија, како и дека овој дел доведува во заблуда при примена во правниот промет и предлага Уставниот суд на Република Северна Македонија да поведе иницијатива за оценување на уставноста на горенаведениот дел од Законот за судска служба.

Собранието на Република Северна Македонија, во февруари 2014 година, ги донесе Законот за вработените во јавниот сектор и Законот за административни службеници, кои почнаа да се применуваат од февруари 2015 година. Поаѓајќи од законската рамка на Законот за административни службеници, судските службеници имаат статус на административни службеници, но поради специфичноста на работите кои ги извршуваат, за нив важи исклучокот определени прашања во врска со работниот однос, во целост или делумно да можат да бидат уредени со Закон и Колективен договор на различен начин.

Поаѓајќи од специфичниот статус и работните задачи кои ги извршуваат вработените во судската администрација, во март 2014 година, донесен е посебен Закон за судска служба, како lex specialis, со кој системски и конзистентно се уредени правата, обврските, должностите, одговорноста и системот на плати на судските службеници.

Согласно член 3 став (1) од Законот за судска служба, судските службеници се лица со статус на административни службеници кои во судовите вршат стручни, административни, информатички, технички, статистичко - аналитички и материјално - финансиски работи во согласност со овој и друг закон.

Во Глава XII Управување со ефектот на судските службеници, уреден е системот за управување со ефектот на судските службеници, кој го сочинуваат утврдувањето на целите и задачите, утврдувањето на индивидуалниот план за стручно усовршување, како и постапката за оценување на ефектот на судскиот службеник.

Со член 83 став (1) од Законот за судска служба е предвидено воспоставување на систем за управување со ефектот на судските службеници во судовите. Ставот (2) дава прецизирање, односно дека системот од ставот (1) на овој член, го сочинуваат утврдување на работните цели и задачи, утврдување на индивидуалниот план за стручно усовршување, како и постапка за оценување на ефектот на судскиот

службеник. Всушност членот 83 е збир на се она што го сочинува системот за управување со ефектот на судските службеници.

Понатаму, законодавецот врши дополнително прецизирање на делот „Работните цели и задачи“ со член 84 став (1) и тоа во насока на утврдување на основата на истите, односно дека работните цели и задачи на судскиот службеник се утврдуваат врз основа на Годишната програма за работа на судовите (став 1), работните цели и задачи треба да бидат јасни, прецизни, мерливи и со утврдена временска рамка за извршување (став 2), работните цели и задачи се утврдуваат од страна на непосредно претпоставениот судски службеник во соработка со судскиот службеник на крајот на постапката на оценување на работните достигнувања, во декември во тековната година за наредната (став 3). Од цитираните одредби од член 84, произлегува дека при оценување на уставноста на оспорената одредба треба да се има во предвид членот 84 во целост. Исто така, не се точни наводите во Иницијативата дека Годишниот план за работа на судот не е обврска која е утврдена во други закони кои ја уредуваат работата на судовите. Имено, во членот 92 став (2) од Законот за судовите, утврдено е дека на седница на судиите, меѓу другото се утврдува програма за работа. Исто така, во член 19 став 2 од Судскиот деловник е пропишано дека на седница на судии, меѓу другото, се разгледува остварувањето на програмата за работа на судот.

Исто така, неосновани се наводите во Иницијативата дека постои неусогласеност на одредбите кои се однесуваат на управувањето на ефектот во Законот за судска служба и Законот за вработените во јавниот сектор. Имено, со Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија“ бр. 27/14, 199/14, 27/16, 35/18, 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.143/19 и 14/20) со член 2 став (1) е утврдено дека работодавачи во јавниот сектор (односно институции), согласно со овој закон, се органите на државната и на локалната власт и други државни органи основани согласно со Уставот на Република Северна Македонија и со закон.

Согласно член 7 на Законот за вработените во јавниот сектор, утврдено е начелото на управување со ефектот на вработените, и тоа дека институциите се должни да воспостават процедури за управување со ефектот на вработените преку негово континуирано следење и оценување и предлагање на мерки за негово подобрување (став 1), дека оценката за учинокот е мерка за придонесот на вработениот за ефикасно и ефективно функционирање на институцијата која се мери преку квалитетот, динамиката, почитувањето на роковите, нивото на исполнување на работните цели и задачи, сервисната ориентација, професионалноста и однесувањето на вработениот, како и преку други критериуми од интерес за институцијата (став 2), дека оценката од ставот (2) на овој член е основ за зголемување или намалување на платата на вработениот, утврдување на парична или друг вид материјална или нематеријална награда, унапредување или распоредување на работно место на пониско ниво, или прекинување на работниот однос, на начин и во постапка утврдена со Закон и со Колективен договор (став 3).

Законот за вработените во јавниот сектор претставува само основна рамка за утврдување на општите начела за вработените во јавниот сектор. При тоа, поаѓајќи

од специфичноста на работата на администрацијата што работи во судовите и на самите судови, утврдени се правата обврските и одговорностите на вработените во судовите, односно на судските службеници. Потребно е да се има предвид дека донесувањето на Законот за судска служба во 2014 година значеше согласување со веќе донесените Законот за административни службеници и Законот за вработените во јавниот сектор. Од горецитираните законски одредби произлегува дека делот „Работните цели и задачи" од член 84 став (1) од аспект на Законот за вработените во јавниот сектор не создава нејаснотија и правна несигурност, на што се повикува подносителот во Иницијативата, ниту пак со оспорениот дел од членот се доведува во прашање владеењето на правото согласно член 8 став 1 алинеја 3 од Уставот на Република Северна Македонија, како темелна вредност на уставниот поредок. Особено е нејасно дали членот 84 став 1 од Законот за судска служба со бришењето на зборовите „Работните цели и задачи" би бил во согласност со Уставот на Република Северна Македонија и со Законот за вработените во јавниот сектор или би довел до уште поголема нејаснотија со оглед дека со бришењето на овој дел ставот 1 би гласел „на судскиот службеник се утврдуваат врз основа на годишната програма за работа на судовите".

Имајќи го предвид горенаведеното, Владата на Република Северна Македонија смета дека оспорената одредба во делот „Работни цели и задачи" од член 84 став (1) од Законот за судска служба („Службен весник на Република Македонија" бр. 43/14, 33/15, 98/15, 6/16, 198/18 и 248/18) е во согласност со Уставот на Република Северна Македонија, поради што му предлага на Уставниот суд на Република Северна Македонија да не ја прифати Иницијативата за поведување на постапка за оценување на уставноста на делот „Работни цели и задачи" од член 84 став (1) од Законот за судска служба („Службен весник на Република Македонија" бр. 43/14, 33/15, 98/15, 6/16, 198/18 и 248/18).

## Точка 61

Владата ја разгледа Понудата од нотар Наташа Велеска од Прилеп за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр. 4979 за КО Прилеп на КП бр. 6783 и не ја прифати Понудата, имајќи го предвид негативното Мислење на Министерството за транспорт и врски.

## Точка 62

Владата ја разгледа Понудата од нотар Анита Адамческа од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.66955 за КО Маџари на КП бр.1125/36 на место викано/улица Перо Наков ББ, со дополнувањето и не ја прифати Понудата, имајќи го предвид негативното Мислење на Министерството за транспорт и врски.

## Точка 63

Владата ја разгледа Понудата од нотар Лазар Козаровски од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.192348 за КО Драчево 2 на КП 6472 и Имотен лист бр. 191525 за КО Драчево 2 на КП бр.6464 и не ја прифати Понудата имајќи го предвид негативното Мислење на Министерството за транспорт и врски.

## Точка 64

Владата ја разгледа Понудата од нотар Јасмина Радончиќ од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.3179 за КО Радишани на КП бр.3729, викано место/улица Боринарец и не ја прифати Понудата имајќи ги предвид негативните мислења на Министерството за транспорт и врски и Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

## Точка 65

Владата за претседател, заменик претседател и членови на Комисијата за управување со светското природно и културно наследство во Охридскиот Регион, ги именува:

а) за претседател:

- м-р Зоран Павлов, раководител на Секторот за меѓународна соработка, документација и дигитализација на културното наследство во Управата за заштита на културното наследство, член на предлог на Управата за заштита на културното наследство,

б) за заменик-претседател:

- Илбер Мирта, раководител на сектор во Управата за животна средина, член на предлог на Управата за животна средина,

в) за членови:

- Христијан Ѓоргиевски, надворешен соработник на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, член на предлог на Владата на Република Северна Македонија,
- д-р Христина Оџаклиевска, заменик на министерот за животна средина и просторно планирање, член на предлог на Министерството за животна средина и просторно планирање,
- Анета Таневска, диа советник-конзерватор, член на предлог на Министерството за култура,
-Ана Петровска, директор на Инспекторатот за животна средина и автор на Планот за управување со Охридскиот регион, член на предлог на Националниот совет за одржлив развој на Република Северна Македонија,
- д-р Валентина Славевска-Стаменковиќ, вонреден професор, член на предлог на Институтот за биологија на Природно-математичкиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“-Скопје,

- проф. д-р Антонио Јакимовски, вонреден професор, член на предлог на Институтот за историја на уметноста и археологија на Филозофскиот факултет во Скопје,
- Даниел Ристески, одделение за урбанизам, заштита на животната средина и локален економски развој, член на предлог на градоначалникот на Општина Дебрца,
- проф. д-р Сашо Трајановски, научен советник во Одделението за фауна на дно, член на предлог на Јавната научна установа Хидробиолошки завод-Охрид,
- Андон Бојаџи, раководител на одделение за заштита на природа, член на предлог на Јавната установа Национален парк Галичица,
- проф. д-р Хазир Положани, редовен професор на Факултетот за земјоделство и биотехнологија, член на предлог на Јавната установа Институт за екологија и технологија во Струга (Универзитет во Тетово)
- Митрополит Дебарско-Кичевски Г.Тимотеј, Македонска православна црква-Охридска Архиепископија, член на предлог на Македонската Православна Црква,
- Самет Ајдари, Муфтија на Муфтиство на Исламската верска заедница, член на предлог на Исламската верска заедница,
- Крсте Блажески, член на предлог на туристичката асоцијација во Охридскиот регион (Здружение на хотели, ресторани, кафетерии и автокампови –ХОТАМ-Охрид),
- Фљамур Баута, невладина организација Мултивизион Струга, член на предлог на невладина организација од областа на заштитата на природното наследство од Охридскиот регион,
- Емилија Митева, невладина организација ИКОМ, член на предлог на невладина организација од областа на заштитата на културното наследство од Охридскиот регион,
- Даниела Недељковиќ, вршител на должноста директор на Националната установа Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј - Охрид, член на предлог на Националната установа Завод за заштита на спомениците на културата и музеј – Охрид,
- Светлана Наумоска, кустос археолог во Националната установа Музеј „д-р Никола Незлобински"-Струга, член на предлог на Националната установа Музеј „д-р Никола Незлобински"-Струга,
- м-р Мемет Селмани, директор на Националната установа Национален конзерваторски центар-Скопје, член на предлог на Националната установа Национален конзерваторски центар-Скопје и
- Васко Сојов, хидролог, раководител на хидролошко одделение при Управата за хидрометеоролошки работи – Скопје, член на предлог на Националната комисија за УНЕСКО.

**Точка 66**

**1.** Владата по Барањето за известување за постапување по заклучоци во врска со поплавени правни лица во Скопскиот Регион во август 2016 година заклучи:

- Се задолжуваат Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, Министерството за финансии и Секретаријатот за законодавство во рок од 14 дена да ја известат Владата на Република Северна Македонија за статусот за постапување по Информацијата за обесштетување на поплавените правни лица во Скопскиот Регион за поплавите од август 2016 година.

**2.** Владата заклучи висината на надоместокот на платата за привремена спреченост од работа на вработени лица во министерствата и органите на државната управа, организациите утврдени со закон, другите државни органи, правните и физичките лица на кои со закон им е доверено да вршат јавни овластувања, како и на општините, Градот Скопје и општините во градот Скопје, да остане непроменет, односно да се исплаќа во полн износ за оние лица за кои е издадено решение за самоизолација заради спречување на ширење на заразната болест COVID - 19 (Коронавирус) од Државен санитарен и здравствен инспекторат, по контакт со заболено лице од вирусот SARS-CoV-2, отсуството пред работодавачите да се оправдува со решението и истото да се доставува до работодавачот за регулирање на привремената спреченост од работа.

**3.** Владата го разгледа Известувањето од Министерството за образование и наука, по однос на распределбата на лаптоп компјутери во Агенцијата за квалитет во високото образование и го усвои Известувањето со следниот заклучок:

- Се задолжува директорот на Агенцијата за квалитет во високото образование, при внатрешната распределба на персоналните лаптоп компјутери да распредели два лаптоп компјутери на користење во Одборот за акредитација и два лаптоп компјутери на користење во Одборот за евалуација.

**4.** Владата го разгледа и го прифати Известувањето за преземените активности во врска со Одлуката на Владата на Република Северна Македонија за постоење на кризна состојба на територија на Република Северна Македонија, заради заштита на јавното здравје во услови на постоење на пандемија прогласена од Светската здравствена организација од заразната болест КОВИД-19 предизвикана од вирусот SARS-CoV-2 и заради спречување од негово ширење во зголемен обем со што се загрозува безбедноста на здравјето на населението за период од 6 март 2021 година до 12 март 2021 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и Собранието на Република Северна Македонија.

**5.** Владата ја разгледа Информацијата за продажба на недвижен имот и ја усвои со следниве заклучоци:

1) Доколку сосопственикот ја прифати Понудата, купопродажната цена содржана во Одлуката за продажба на недвижни ствари во сопственост на Република

Северна Македонија („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.8/21), да ја уплати во рок од 30 дена од денот на Подавката преку нотар на Трезорска сметка на Буџетот на Република Северна Македонија бр. 100000000063095 при Народна банка на Република Северна Македонија.

2) Нотарот при Подавката на сосопственикот на дел од недвижниот имот да го извести дека данокот на промет на недвижности ќе го плати купувачот.

**6.** Владата го разгледа Барањето еднократна финансиска помош, доставено од НУ Театар Комедија - Скопје и заклучи истото да го проследи на разгледување и натамошно постапување на Министерството за култура.

**7.** Владата, во врска со Јавниот повик објавен од Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија согласно Оперативниот план за активни програми и мерки за вработување и услуги на пазарот на трудот за 2021 година, заклучи:

1) Се укажува на Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија, врз основа на претходно донесена одлука на Управниот одбор на Агенцијата да го реобјави Јавниот повик, во кој ќе се предвидат и критериуми за распределба, согласно основните принципи усвоени при носењето на Оперативниот план за активни програми и мерки за вработување и услуги на пазарот на трудот за 2021 година.

При имплементацијата на програмите и мерките за вработување, како и услугите на пазарот на трудот, да се почитуваат следните основни принципи:

- Справување со негативните ефекти и последици врз пазарот на труд и вработеноста, предизвикани од пандемијата на КОВИД-19;

- Принципот на диверзитет и инклузивност за сите општествени категории во приватниот сектор согласно принципите на правична и адекватна застапеност на етничка, полова, религиозна, расна или било која друга ранлива категорија на граѓани во согласност со стандардите и практиките на Обединетите нации и Меѓународната организација на трудот;

- Поттикнување на рамномерен регионален развој, во согласност со податоците од Бирото за регионален развој и степенот на развиеноста на планските региони во Република Северна Македонија.

2) Да се земат предвид веќе доставените апликации, односно лицата кои веќе аплицирале да не мора повторно да аплицираат за мерките од Јавниот повик.

**8.** Владата го разгледа Известувањето од Управата за јавни приходи во врска со потреба од прецизирање на активности во однос на обезбедување на објектот/опремата на Тутунски комбинат „Боро Петрушевски Папучар“ АД од Куманово и непосредната околина и притоа заклучи:

- Се задолжува Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија да преземе активности, согласно законските можности за избор на

компанија/фирма за физичко обезбедување на објектот/опремата на Тутунски комбинат „Боро Петрушевски Папучар“ АД од Куманово.

**Точка 67**

Владата го разгледа Тримесечниот извештај за работењето на Јавното претпријатие за железничка инфраструктура Железници на Република Северна Македонија - Скопје за период од 1 октомври 2020 година до 31 декември 2020 година, како материјал за информирање.

**Точка 68**

Владата го разгледа Тримесечниот извештај за работа на АД во државна сопственост за вршење на дејноста давање услуги во воздухопловната навигација М-НАВ АД Скопје за период јули - септември 2020 година, како материјал за информирање.

**Точка 69**

Владата го разгледа новиот текст на Годишната програма за работа на Агенцијата за остварување на правата на заедниците за 2021 година, со Годишен финансиски план на расходи по квартали за 2021 година, како материјал за информирање.

Истовремено, предлагачот да ги има предвид укажувањата од Мислењето на Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија.

**Точка 70**

Владата го разгледа Извештајот за спроведени одлуки за утврдување на работите од премерот во функција за запишување на недвижности сопственост на Република Северна Македонија, како материјал за информирање.

Исто така, да се имаат предвид мислењата на Агенцијата за катастар на недвижности и Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија.

**Точка 71**

Владата го разгледа Извештајот за работата на Комисијата за управување со Светското природно и културно наследство на Охридскиот Регион (1.2.2018 година - 23.1.2021 година), како материјал за информирање.

## Точка 72

Владата ја разгледа Информацијата за состојбите со странски работници на територија на Република Северна Македонија и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за внатрешни работи и се укажува на Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија во постапките по однос на регулирање на привремениот престој по основ на работа во државата да ги запазуваат со закон утврдените рокови.

2. Се задолжува Министерството за внатрешни работи и се укажува на Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија до Владата да доставуваат квартални статистички извештаи за постапувања по однос на регулирање на привремениот престој на странец по основ на работа и период на постапување по предметите.

## Точка 73

Владата ја разгледа Информацијата за откуп на материјалното авторско право за електронското издание на Толковниот речник на македонскиот јазик и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за образование и наука од Буџетот на Министерството за образование и наука - Раздел 16001 да обезбеди средства во висина од 4.059.000,00 денари за пренесување на материјалното авторското право за издавање на Толковниот речник на македонскиот јазик во електронски облик и други трошоци за редакција, коректура и техничка подготовка на материјалот за електронско издание и да ги одобри истите на ЈНУ Институтот за македонски јазик „Крсте Мисирков" по склучување на договори за откуп на материјалното авторско право за електронското издание на Толковниот речник на македонскиот јазик.

2. Се укажува на ЈНУ Институтот за македонски јазик „Крсте Мисирков", во соработка со Владата и авторите на Толковниот речник на македонски јазик, во рок од седум дена да подготви нацрт - договор за откуп на материјалното авторско право за електронското издание на Толковниот речник на македонскиот јазик, за трајно отстапување на материјалните авторски права на електронското издание на Владата на Република Северна Македонија.

3. Се укажува на ЈНУ Институтот за македонски јазик „Крсте Мисирков" да обезбеди материјалот за електронско издание на Толковниот речник на македонски јазик да се достави во форма што соодветствува на меѓународните стандарди и универзално достапните информации, компјутерски програми за јавна употреба, ПДФ формат, ворд верзија, незаштитена со шифра, со што преку веб - страницата на Владата на Република Северна Македонија, Министерството за образование и наука, Министерството за култура и на ЈНУ Институтот за македонски јазик „Крсте Мисирков" на електронското издание на Толковниот речник на македонскиот јазик ќе биде објавен на интернет за слободен пристап на јавноста.

## Точка 74

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за влијанието на нелегално насипување на земја и шут на брегот на Охридското Езеро во населба Далјан и за потребата од итно враќање на крајбрежјето во првобитна состојба и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за транспорт и врски да организира санација на крајбрежјето и негово враќање во првобитна состојба.

2. Се задолжува Министерството за животна средина и просторно планирање по отстранувањето на земјата и шутот да изврши проценка на состојбата на крајбрежното живеалиште и Охридско Езеро, односно на резултатите од санацијата и враќањето на крајбрежјето во првобитна состојба.

## Точка 75

Владата ја разгледа Информацијата за доставено Барање број 05-2717/3 од 12.3.2021 година за регулирање на долг со воспоставување на нови кредитни услови на Јавното претпријатие за државни патишта - Скопје кон Експорт-импорт банка на Кина поради неможност за отплата на доспеаните обврски и ја усвои со следниот заклучок:

- се задолжува Министерството за финансии да склучи договори за регулирање на доспеаниот долг на Јавното претпријатие за државни патишта - Скопје кон Министерството за финансии по активираната државна гаранција односно по платената рата на ден 21.1.2021 година по двата договори за обезбедување на државна гаранција број 14-10754/2 од 24.6.2014 година и број 14-10753/2 од 24.6.2014 година, за исполнување на обврските по договорите за заем за „Проектот за изградба на автопат - делница Миладиновци - Штип" и „Проектот за изградба на автопат - делница Кичево - Охрид" склучени помеѓу Експорт - Импорт банка на Кина и Јавно претпријатие за државни патишта - Скопје, со рок на враќање од седум години (84 месечни рати), без пресметка на редовна камата, со грејс период од една година, со што отплатата кон Министерството за финансии да почне од 1.3.2022 година, на износ и под услови како што е утврдено во оваа информација, со состојба на долг на денот на склучување на Договорот.

## Точка 76

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од склучување на договор помеѓу Министерството за култура и Агенцијата за филм на Република Северна Македонија и ја усвои со следниот заклучок:

- се задолжува Министерството за култура и се укажува на Агенцијата за филм на Република Северна Македонија договорно да ги уредат правата, обврските и одговорностите во однос преведувањето и надзорот над наменското користење на финансиските средства и за истото во рок од 15 дена да ја информираат Владата.

**Точка 77**

Владата го разгледа и усвои Изменувањето и дополнувањето на Националната програма за одбележување на „2021 – Година во чест на Блаже Конески", со која ќе се одбележат 100 години од раѓањето на Конески.

**Точка 78**

Владата ја донесе Одлуката за одобрување на средства од Буџетот на Република Северна Македонија за 2021 година (Дом на културата во село Желино, Општина Желино), во предложениот текст.

**Точка 79**

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од спроведување на анализа за испразнување на работни места во органите на државната управа и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжуваат сите органи на државна управа, а им се укажува на Централниот регистар на Република Северна Македонија, Фондот за осигурување на депозити, Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија, Фондот за иновации и технолошки развој и Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија, во рок од седум дена до Министерството за информатичко општество и администрација да достават податоци за испразнети работни места по сите основи за период од 2015 до 2020 година, согласно Прилог 1.

2. Се укажува на Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија, во рок од седум дена до Министерството за информатичко општество и администрација да достави податоци за прекин на работен однос во органите на државната управа за период од 2015 до 2020 година, согласно Прилог 2.

3. Се задолжува Министерството за информатичко општество и администрација, во рок од 45 дена да изработи анализа за испразнети работни места во органите на државна управа и да ја информира Владата на Република Северна Македонија за резултатите и препораките од анализата.

**Точка 80**

Владата ја разгледа Информацијата за Проектот за дигитализација на конзуларните услуги во Дипломатско - конзуларните претставништва на Република Северна Македонија во странство, ја усвои и заклучи:

- Се задолжуваат Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, Министерството за информатичко општество и администрација, Министерството за внатрешни работи, Министерството за правда, Министерството за финансии, Управата за водење матични книги, Управата за јавни приходи, Агенцијата за катастар на недвижности и Централниот регистар на Република Северна Македонија, најдоцна до 20 март 2021 година, до Министерството за надворешни работи да доставаат номинации на член и заменик -

член од нивните институции кои ќе учествуваат во работната група и ќе придонесат во планирањето, изготвувањето на план за динамиката на работите за услугите кои ќе се даваат преку платформата Е-конзулат и предлог - решенија околу концепцијата, финансирањето како и начинот на функционирање на истиот.

*

*   *

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 15:45 часот.

ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**Мухамед Зеќири**

ПРВ ЗАМЕНИК НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**Artan Grubi**